| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Add: Bulevar "Koco Racin" 75<br>Skopje, Republic of Macedonia<br>Tel/fax: +389 2 31 64 539<br>**E.mail: contact@mrf1952.mk**<br>**Website: www.mrf1952.mk** | | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Адреса: Бул. " Кочо Рацин" 75<br>Скопје, Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>**E.mail: contact@mrf1952.mk**<br>**Website: www.mrf1952.mk** |
|---|---|---|

Врз основа на член 39 од Статутот на Македонската Риболовна Федерација (во понатамошниот текст МРФ) и Правилникот за организирање на натпревари во спортски риболов на Република Македонија, Управниот одбор на МРФ на седницата одржана на 21.01.2026 година ги донесе следните :

# ПРОПОЗИЦИИ
## за натпревари во дисциплина „Пливка" за 2026 година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овие пропозиции поблиску се уредуваат прашањата во врска со организирањето на натпреварите од страна на Македонската Риболовна Федерација (во понатамошниот текст МРФ), во дисциплината „пливка", во 2026 година.

**Член 2**

Во 2026 год. МРФ ќе ги организира следните натпревари во дисциплината „пливка":

1. Спортско риболовна лига „пливка" - сениори;
2. Спортско риболовна лига „пливка" - У-20 и У-25;
3. Државно првенство на РМ во категорија У-15;
4. Куп натпревари на Република Македонија;
   - Куп „Илинден – 2026";
   - Куп „Рибарче – 2026";
5. Средби на ветерани.

**Член 3**

Натпреварите на кои се однесуваат овие Пропозиции, во сите категории, се одржуваат согласно Правилникот за организирање на натпревари во спортски риболов во Р. Македонија и Правилата за натпревари во дисциплината „пливка".

**Член 4**

Со натпреварите раководи Натпреварувачката комисија на МРФ за дисциплина „Пливка".

**Член 5**

На натпреварите право на учество имаат ЗСР, СРК, СРД, (скратени имиња за сите риболовни здруженија и клубови, во понатамошниот текст е РЗК), со свои екипи или поединци, членови на истите.

**Член 6**

Сите учесници на натпреварите, задолжително да поседуваат спортска легитимација. Спортската легитимација ја издава МРФ согласно Правилникот за регистрација на спортските клубови и спортските риболовци во Р. Македонија.

# II. ЛИГА НАТПРЕВАРИ

## II.1 Спортско риболовна лига „Пливка“ - сениори:

**Член 7**

Екипите во Спортско риболовна лига „пливка“, конкуренција сениори, ќе бидат составени од по 3 (три) натпреварувачи, 1 (еден) резервен натпреварувач и до 2 (два) капитени на екипата.

**Член 8**

Право на учество во Спортско риболовна лига „пливка“, во натпреварувачката 2026 година, имаат сите РЗК со највеќе 2 (две) екипи, доколку благовремено се пријават, ја уплатат годишната членарината на МРФ за тековната година и ја платат пропишаната котизација за овој натпревар во предвиден рок.

Доколку за натпреварите РЗК пријави 2 (две) екипи, ист натпреварувач има право на настап само за екипа во која е пријавен пред започнувањето на натпреварите. Ова не се однесува на Куп натпревар на кој РЗК може да пријави и комбинирана екипа.

**Член 9**

Циклусот на натпреварите за натпреварувачка 2026 година ќе трае 4 (четири) кола така да секое коло претставува посебен натпревар и се одржува во еден ден.
Лига натпреварите во дисциплината „Пливка“ нема да се одржат доколку за истиот се пријават помалку од 6 (шест) екипи.

Натпреварите ќе траат 4 (четири) часа не сметајќи го времето за подготовка. Времето за подготовка се ограничува на 90 минути.

**Член 10**

Дозволениот прибор и опрема за натпреварите, количината на прихрана и мамки ќе бидат согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка“.

**Член 11**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка“.

**Член 12**

Најдобро пласираната екипа во Првата лига се стекнува со епитетот Државен првак на Р. Македонија во дисциплина „Пливка“ - сениори за 2026 година.

Најдобро пласираниот натпреварувач се стекнува со епитетот Државен првак на Р. Македонија за 2026 година.

## II.2 Спортско риболовна лига „Пливка“ – У20 и У25:

**Член 13**

Спортско риболовна лига „пливка“ за У20 и У25, ќе се организираат само во поединечна конкуренција. Натпреварувачите (или натпреварувачките) ќе се натпреваруваат одделно во конкуренција У20 и У25.

Сите РЗК, што ќе се пријават за учество во лига натпреварите во дисциплина „Пливка“- конкуренција сениори, задолжително мораат да пријават и најмалку еден натпреварувач во конкуренција У20 или У25 .

Право да пријават свои натпреварувачи за оваа лига имаат и РЗК кои немаат свои екипи во лига натпреварите, конкуренција сениори, доколку благовремено извршат пријава и ја уплатат годишната членарина на МРФ и котизација за натпреварувачите за тековната година во предвидениот рок. Бројот на натпреварувачи не се ограничува.

**Член 14**

Натпреварот нема да се одржи доколку во лигата се пријават помалку од 5 (пет) натпреварувачи во едната или другата категорија.

**Член 15**

Циклусот на натпревари ќе трае 4 (четири) кола, во ист термин и на иста вода со лига натпреварите во дисциплина „пливка“ за сениори, со тоа што секое коло претставува посебен натпревар и се одржува во еден ден.

Натпреварите за У20 ќе траат 3 (три) часа а за У25, 4 (четири) часа, не сметајќи го времето за подготовка.

Времето за подготовка се ограничува на максимални 90 мин. во двете категории.

**Член 16**

Дозволениот прибор и опрема за натпреварите, количината на прихрана и мамки ќе бидат согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка“.

**Член 17**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка“.

**Член 18**

Најдобро пласираниот поединец се стекнува со епитетот државен првак на Р. Македонија одделно во категорија У20 и У25 во дисциплина „Пливка“ - за 2026 година.

## III. ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО на РМ

**Член 19**

Право на учество на Државното првенство на Р. Македонија во дисциплина „Пливка“ за во категорија У15, имаат сите РЗК, членки на МРФ, со најмногу до 2 (две) екипи, доколку благовремено ќе се пријават за натпреварот и ја уплатат годишната членарина на МРФ за тековната година.

**Член 20**

Натпреварот ќе се организира како еден натпревар во два натпреварувачки дена.

**Член 21**

Натпреварот во конкуренција У15 нема да се одржи доколку се пријават помалку од 4 (четири) екипи.

Доколку на натпреварот се пријават помалку од 4 (четири) екипи натпреварот ќе се одржи само во поединечна конкуренција доколку се пријават најмалку 7 (седум) натпреварувачи.

Натпреварувачите во конкуренција У15, доколку оваа година настапувале во конкуренција У20, немаат право да настапуваат во конкуренција У15.

**Член 22**

Натпреварите во конкуренција У15 ќе траат 3 (три) часа не сметајќи го времето за подготовка. Времето за подготовка се ограничува на најмногу 60 минути.

Дозволениот прибор и опрема за натпреварот, количината на прихрана и мамки ќе бидат согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка“.

**Член 23**

Екипите за Државното првенство, се составени од 3 (три) натпреварувачи, 1 резервен натпреварувач и највеќе 3 капитени на екипа.

Во екипите во категорија У15 може да настапи и натпреварувачки од иста категорија.

**Член 24**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка“.

**Член 25**

Најдобро пласираниот поединец и екипа се стекнуваат со епитет Државен првак на Р.Македонија за 2026 година.

# IV. КУПОВИ НА РМ

## 1. КУП НА МАКЕДОНИЈА, "ИЛИНДЕН 2026"

**Член 26**

Куп натпреварите на Р. Македонија во дисциплините „Пливка“, во категорија сениори, се одржува секоја година и го носи името ***"Куп ИЛИНДЕН"*** со годината во која се одржува.

Натпреварот ќе се организира во еден натпреварувачки ден.

**Член 27**

Право на учество имаат сите РЗК членки на МРФ, со највеќе 2 (две) екипи, доколку навреме поднесат пријава за екипите , ја уплатат годишната членарина на МРФ за тековната година и ја платат пропишаната котизација за овој натпревар во предвидениот рок.

На Куп натпреварите во дисциплината „Пливка“, во конкуренција Сениори, РЗК може да пријави повеќе екипи независно од составот во кој настапувале во лига натпреварите, но постигнатите резултати нема да бидат бодувани во избор на екипи на година, доколку екипите имаат изменет состав во однос на лига натпреварите.

Резултатите ќе се собираат само доколку екипата настапи во ист состав на Купот и лига натпреварите.

**Член 28**

Натпреварите нема да се одржат доколку се пријават помалку од 6 (шест) екипи.

**Член 29**

Екипите се составени од 3 (три) натпреварувачи, 1 (еден) резервен натпреварувач и 2 (два) капитени на екипа.

Натпреварите ќе траат 4 (четири) часа не сметајќи го времето за подготовка. Времето за подготовка се ограничува на 90 минути.

**Член 30**

Дозволениот прибор и опрема за натпреварот, количината на прихрана и мамки ќе бидат согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка“.

**Член 31**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка“, само во екипна конкуренција, освен за избор за спортист на годината каде се бодува и поединечниот резултат.

**Член 32**

Најдобро пласираната екипа се стекнува со епитет Победник на Купот за 2026 година за дадената дисциплина и дадената конкуренција.

## 2. КУП НА МАКЕДОНИЈА "РИБАРЧЕ 2026"

**Член 33**

Купот на Р. Македонија, во дисциплината „Пливка“ во категорија У-15 се одржува секоја година и го носи името ***"Куп РИБАРЧЕ"*** со годината во која се одржува.

Натпреварот ќе се организира во еден натпреварувачки ден.

**Член 34**

Право на учество имаат сите РЗК членки на МРФ, со највеќе 2 (две) екипи, доколку навреме поднесат пријава за екипите , ја уплатат годишната членарина на МРФ за тековната година.

**Член 35**

Натпреварите нема да се одржат доколку се пријават помалку од 4 (четири) екипи.

**Член 36**

Екипите се составени од 3 (три) натпреварувачи, 1 (еден) резервен натпреварувач и највеќе 3 (три) капитени на екипа.

Натпреварите ќе траат 3 (четири) часа не сметајќи го времето за подготовка. Времето за подготовка се ограничува на 60 минути.

**Член 37**

Дозволениот прибор и опрема за натпреварот, количината на прихрана и мамки ќе бидат согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка".

**Член 38**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка", само во екипна конкуренција, освен за избор за спортист на годината каде се бодува и поединечниот резултат.

**Член 39**

Најдобро пласираната екипа се стекнува со епитет Победник на Купот за 2026 година за дадената дисциплина и дадената конкуренција.

## VI. СРЕДБА на СПОРТСКИ РИБОЛОВЦИ

**СРЕДБА НА ВЕТЕРАНИ - 2026**

**Член 40**

Средба на ВЕТЕРАНИ спортски риболовци, во дисциплина „Пливка", се одржува секоја година во екипна и поединечна конкуренција.

Право на учество имаат сите РЗК, членки на МРФ, со најмногу до 2 (две) екипи доколку благовремено се пријават и ја уплатат годишната членарина на МРФ за тековната година.

Натпреварот ќе се организира во еден натпреварувачки ден.

**Член 41**

Екипите се составени од по 3 (три) натпреварувачи, 1 (еден) резервен натпреварувач и 1 (еден) капитен на екипата и може да бидат составени од мажи, жени или комбинирано.

Членови на екипата можат да бидат само риболовци кои во годината во која се одржува натпреварот полнат 60 години и повозрасни.

Сите учесници мора да бидат регистрирани спортски или рекреативни риболовци во МРФ.

Натпреварот нема да се одржи доколку се пријават помалку од 4(четири) екипи.

**Член 42**

Дозволениот прибор и опрема за натпреварот, количината на прихрана и мамки ќе бидат согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка".

Натпреварот ќе трае 3 (три) часа не сметајќи го времето за подготовка. Времето за подготовка се ограничува на 60 минути.

**Член 43**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка", во поединечна и екипна конкуренција.

**Член 44**

Победникот на средбата, екипата и поединецот, се стекнува со епитет Победник на средбата на ветерани во дисциплината „Пливка" за 2026 година.

## VIII. ИЗБОР НА ЕКИПИ КОИ ЌЕ УЧЕСТВУВААТ НА МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

## Изборот на екипи за учество на меѓународни натпревари во дисциплината „Пливка“:

**Член 45**

Во 2026 год. во Спортско риболовната лига „пливка“, во категорија сениори, првопласираната екипа се стекнува со право за учество на Светско клупско првенство во 2026 година по сопствен избор. Доколку таа се откаже, тоа право го добива, второпласираната, третопласираната итн.

Во зависност од финансиските можности на МРФ, истата финансиски ќе го помогне учеството на екипата.

**Член 46**

Во 2026 година 3 (три) екипи ќе остварат право за учество на Јадранско – Подунавскиот Куп.

Екипите за да остварат право, потребно е да учествуваат во Лига натпреварите и Купот Илинден. Пласманот од Лигата се множи со 2, а пласманот од Купот со 4. Екипата со најмал збир на поени е прва, со поголем збир е втора итн. Доколку две или повеќе екипи имаат исти збир на поени, ќе одлучува подобриот пласман во лигата. Доколку од трите првопласирани екипи, некоја се откаже, тоа право ќе го добие четвртопласираната, па петтопласираната итн.

Во зависност од финансиските можности на МРФ, истата финансиски ќе го помогне учеството на екипите.

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 47**

Екипи на РЗК, членки на Македонска Риболовна Федерација, можат да настапат на меѓународни натпревари (Светско клупско првенство или КУП натпревари во рамките на Риболовната асоцијација Јадранско-Подунавски – РАЈП) под услов да го пријават своето учество на тие натпревари.

Без да го пријават своето учество во МРФ не смее да се учествува на тие натпревари. Во случај да земат учество на тие натпревари, без пријавување во МРФ, им се забранува секакво учество на натпреварите што ги организира МРФ во траење од 3 (три) години.

**Член 48**

Овие пропозиции влегуваат во сила со денот на донесувањето.

**Натпреварувачка комисија**
Претседател: Димче Мајковски

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МРФ**
Филип Серафимовиќ

МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА * СКОПЈЕ * МРФ